# ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

**ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС**

Почитувани членови на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК), членови на останатите синдикати, работници, македонска јавност…

Преку овој првомајски проглас сакаме да се обратиме до членовите на СОНК и не само до нив, туку и до сите работници во државата, како и до целата јавност со наше видување на состојбите на работниците од аспект на социјално-економската положба, социјалниот дијалог и партнерство, сигурноста на работното место, безбедноста при работа и т.н.

Одбележувањето на Први мај, меѓународниот празник на трудот, датира уште од пред повеќе од 130 години, односно во спомен и чест на штрајкувачите од Чикаго, кои во 1886 година штрајкувале од први до четврти мај со единствено барање, а тоа е осумчасовно работно време. Штрајкот бил крваво задушен, при што полицијата употребила сила и како резултат на тоа имало и неколку жртви. Водачите на штрајкот биле уапсени, осудени и погубени.

На првиот конгрес на Втората интернационала одржан во 1889 година било одлучено: “Први мај да биде заеднички празник во сите земји, на кој работниците треба да манифестираат единство и солидарност во своите барања за подобрување на својата положба”. Оттогаш, празникот е манифестација на класната солидарност на работниците во светот.

Први мај се слави секаде во светот, некаде со масовни протести, а некаде со првомајски викенд на некое излетничко место, со првомајска скара и музика. Во Македонија нема голема

традиција за организирање на големи првомајски протести, освен симболични првомајски маршови или прошетки на некои синдикални организации, со што ќе се одбележи овој ден на работниците. Секако, ние како најголем Синдикат во државата имаме свој став околу ова прашање, дали масовно да се излезе на овој ден и да се протестира, во симболичен број да се маршира или ако е празник да се празнува на начин како што налага нашата традиција.

Нашиот став е дека празникот треба да се празнува, а за работа, секоја организација која се занимава со одбрана и зголемување на правата на работниците има на располагање цела година. И овој наш став да не изгледа гола демагогија, ќе го поткрепиме со неколку аргументи. СОНК во изминативе децении и години конкретно докажуваше и докажува со организирање на протести и штрајкови дека е единствениот Синдикат кој е во состојба тоа да го направи, без лажни закани и ветувања, без правење на сопствен маркетинг,  без разлика која политичка опција е на владеење…. Ако постои сомнеж во вистинитоста на овие факти, може многу лесно да се проверат, а и да се присетите која друга работничка организација во последнава деценија – две организирала сериозен протест или штрајк????

Со овој првомајски проглас нашата идеја не беше да се саморекламираме, туку, уште еднаш на ваков начин да го изразиме нашето незадоволство околу положбата на нашите членови во дејностите детска заштита, основно, средно, високо образование, наука и култура. И покрај сите заложби на нашиот Синдикат, во сите споменати дејности заеднички е фактот што тие како едни од најважните дејности во државата, ако не и најважни,  се на дното на скалилото на плати во јавниот сектор во државата, а пак и да не зборуваме за надвор од неа, во соседството и пошироко. Во последниве неколку години државата се обиде да направи обид за подобрување на социјалниот статус на оваа категорија на работници, но тоа беше сосема симболично и незадоволително од една страна, како и селективно, од друга страна. Зголемувањето на платите од 5% за детските градинки,

основното и средно образование ни одблизу не ги задоволуваат основните потреби за егзистенција, наспроти зголемување на минималната плата на национално ниво од 20%. Ситуацијата во установите од културата и високото образование и науката е уште полоша, од позиција на ниски плати, дури ни без тие 5% зголемување во 2018 година. Ветувањата за зголемување на платите и во 2019 година за дополнителни 5% за СОНК се добродојдени, но процентот е апсолутно неприфатлив, односно низок. СОНК во повеќе наврати укажуваше и бараше усогласување на платите со процентот на зголемување на минималната плата на национално ниво.

Што се однесува до социјалниот дијалог и партнерство, наша проценка е дека во последните неколку години е во континуирано опаѓање. СОНК воопшто не е задоволен од односот на некои министерства кои за многу важни измени на законски решенија не го вклучуваат социјалниот партнер во изготвување на заеднички прифатливи решенија што се во интерес и на работниците и на државата, што впрочем е законска обврска. Исто така, цениме и дека селективниот однос кон одредени синдикати е апсолутно неприфатлив и спротивен на Законот.

За СОНК како грански синдикат и како дел од Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС) е исто така неприфатлив игнорантскиот однос на ресорните министерства и на Владата и покрај јавните упатени Барања за остварување на сериозни средби и разговори со што би се затвориле отворените прашања и проблеми. Особено навредува ваквиот однос и покрај низата јавни социјални протести во изминатава година што ги организираше СОНК во рамките на КСС. За ваквиот однос на државата кон релевантни социјални партнери во однос на социјалниот дијалог и партнерство во Македонија даде и Меѓународната Конфедерација на синдикати -ITUC во последниот свој извештај, каде што Македонија е ставена на листата со држави од Африка, каде што правата на работниците секојдневно се кршат.

Севкупно, состојбите на работниците во Македонија се на многу

ниско ниво, од аспект на социјален статус и економска сигурност, во однос на социјалниот дијалог и партнерство, во однос на почитување на законите и други правни акти, во однос на сигурноста на работните места, во однос на безбедноста при работа и т.н.

Доколку многу сериозно и многу брзо не се сфатат нашите укажувања, дотолку повеќе надлежните во државата ќе ја сфатат сериозноста и силата на нашиот Синдикат.

Не ја потценувајте одлучноста, силата и единството на членовите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија.

**Да живее 1-ви мај, меѓународниот ден на работниците, да живее СОНК, да живеат сите прогресивни сили во Македонија !!!**

---

# СОНК ДАВА СИЛНА ПОДДРШКА НА БАРАЊАТА И ПРОТЕСТОТ НА СИНДИКАТОТ НА ПОЛИЦИЈАТА

Од името на 30.000 членство на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, сакаме да ви испратиме силна поддршка во активностите што ги превзема вашиот синдикат односно Синдикатот на полицијата во Македонија – СПМ. Воедно, сакаме да ве увериме дека вие како членка на Конфедерацијата на слободни синдикати, каде што впрочем и СОНК припаѓа, имате отворена поддршка од сите нас, а особено заради оправданите барања коишто ги упатувате до

Министерството за внатрешни работи. Вие, како полициски службеници, кои согласно вашите овластувања треба да ги штитите и спроведувате законите во државата, соочени сте со дејствија против вас од страна на државна институција, што е спротивно на домашните и меѓународните закони и конвенции. Неприфатливо за сите нас е непризнавањето на СПМ од страна на МВР, во однос на сопирање на синдикална членарина, како и пресметките со синдикалните претставници на СПМ. Ова го сметаме за грубо мешање и спречување на синдикално организирање и дејствување. Исто така, неприфатливо е за нас синдикалците, коишто се бориме за почитување и унапредување на правата на работниците, како “награда” за нашите активности да бидеме незаконски распоредувани и деградирани на работното место. Енергично стоиме зад одбрана на правата и интересите на сите работници во државата и гласно протестираме за секакво влијание и мешање на власта на сите нивоа, во синдикалното организирање и дејствување. Полициските службеници, коишто се секогаш први во одбрана на мирот и стабилноста на нашата држава, треба да бидат и први на скалата за награда на вложениот труд. Исто така, социјалниот статус на вработените во МВР треба да биде достоен на тежината и важноста на професијата и работата што ја извршуваат.

СОНК е убеден дека вашиот организиран протест ќе биде успешен и дека вашите оправдани барања ќе бидат слушнати, сериозно сфатени и прифатени од надлежните во државата. Исто така, СОНК смета дека само здружени, единствени и вистински синдикати можат и треба да претставуваат сериозен фактор во државата, коишто ќе бидат почитувани од страна на надлежните. Сметаме дека во духот на вистински социјални партнери, по пат на социјален дијалог, ќе се изнајдат взаемно прифатливи решенија и за Синдикатот на полицијата и за Министерството за внатртешни работи. Во спротивно, за очекување се и дополнителни активности и притисоци од страна на СПМ, кои ќе добијат силна поддршка од СОНК и од гранските синдикати при КСС, како и меѓународните синдикални организации, каде што КСС е редовна членка.

**Со почит,**

**Претседател,**

**Јаким Неделков, с.р.**

---

# Регионалниот претседател на СОНК – Кисела Вода во работна посета на Синдикална организација на СОНК при СУГС „Браќа Миладиновци“

На 28.02.2022 година беше реализиран синдикален состанок од членовите на СОНК при СУГС „Браќа Миладиновци“ – Скопје на кој присуствуваше претседателот на Регионалниот одбор на СОНК – Кисела Вода.

На средбата беше дискутирано за минималната плата, како и за повеќе годишниот проблем со обезбедувањето на полн фонд на наставни часови за наставниците со договор на неопределено време и нивната работа во повеќе училишта. Исто така, беше разговарано и за прашања поврзани со породилно боледување, за вработени со договор на определено време, кои за жал треба да го прекинат боледувањето со цел да го задржат своето работно место.

Состанокот заврши со поддршка од страна на членството на СУГС „Браќа Миладиновци“ – Скопје, за понатамошните планирани активности на СОНК кои се во насока за зголемување на платите во образованието и унапредување на работничките права.

Членството покажа значајно голем интерес и задоволство од отворениот пристап на новиот претседател на регионалниот одбор на СОНК – Кисела Вода, како и од ангажираноста за заедничко стратешко решавање на проблемите и остварување на законските права поддржани од раководството на СОНК.

---

# СОНК НА СИТЕ НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ ИМ ПОСАКУВА СРЕЌНА И УСПЕШНА УЧИЛИШНА 2023/2024 ГОДИНА

---

# СОНК ДОМАЌИН НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ ВО СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ДА СЕ ПРИМЕНУВААТ И УСОВРШУВААТ

СОНК во соработка со неколку европски граѓански организации со силно реноме, како и афирмирани реформски синдикални

федерации од повеќе држави од регионот, организираше меѓународна Конференција на која главна тема беше – „Новите европски политики за социјална кохезија“. Конференцијата се одржа на 1-ви и 2-ри февруари 2017 година, во Скопје на која присуствуваа највисоките претставници на: Европски центар за работнички прашања(EZA); Христијанско работничко движење од Италија (MCL); Хрватско културно друштво ,, Напредок” ; Синдикална Федерација -,,Независност”, Србија; Унија на слободни синдикати на Црна Гора (USSCG); Унија на слободни и независни синдикати на Албанија (SAUATT); Унија на независни синдикати на Косово (BSPK) и Здружение на работници –Нова Словенија од Словенија (ZDNSl).

Од страна на организациите учесници од странство, присуствуваа нивните највисоки претставници, а од страна на СОНК учествуваа претставниците на највисокото раководство и Претседателите на регионалните органи на СОНК, кои воедно се и членови на Советот на СОНК. Од повеќето теми кои беа предмет на дискусија на учесниците, ќе ги издвоиме следниве:

• ,,Европските политики, имиграцијата и социјалната кохезија: јазот помеѓу нивоата на развој и потребната соработка”;

• ,,Македонија и договорот за пристап кон ЕУ: отворени прашања и перспективи”;

• ,,Глобалните предизвици и градење на социјалниот договор: одговорите на синдикатите”;

• ,,Кревкиот мир на Балканот: предизвиците на слабата економија и враќањето на национализмот” и

• ,,Осмислување на европскиот модел и справување со отворените предизвици: од пазарот на труд, преку социјалните права, до имиграциските прашања”.




Покрај воведните излагања за спомenатите теми имаше и плодна и интересна дискусија од страна на повеќе учесници на Конференцијата, со што истата може да се оцени како исклучително успешна и тоа од повеќе аспекти. Имено, ретки се примерите на меѓународни семинари на кои се разработуваат исклучително важни прашања и тоа на организации кои не се дел само од иста сфера, што беше случај на спомenатиот семинар. Станува збор за тоа што учесници беа претставници на организации кои се дел од граѓанските организации и претставници на, како што претходно напоменавме, многу афирмирани синдикални организации од Регионот.

Посебно треба да се истакне фактот што СОНК како домаќин на Конференцијата е грански синдикат, а останатите учесници се исклучително афирмирани граѓански организации на европско ниво, па и пошироко, како и граѓански организации од скоро сите држави од нашиов Регион. Тоа е големо, дополнително признание за СОНК и потврда на афирмираноста на нашиот Синдикат и во меѓународни рамки, а тоа секако произлегува од неговите неспорни резултати, што се потврдува и со бројноста на членството кое е убедливо најголемо во рамките на нашата држава и еден од најголемите грански синдикати во Регионот.

На крајот ќе го спомeнеме и делот од писмото од господинот Фрањо Топиќ, Претседател на ХКД „Напредок“, еден од организаторите на Конференцијата, доставено до Претседателот на СОНК, во кое истакнува: „Многу ми е мило што бевме заедно на Конференцијата во Скопје. Сите ние сме многу задоволни од истата. Се уверивме дека СОНК е голем и моќен синдикат…Сигурни сме дека соработката помеѓу нас и СОНК ќе продолжи и во иднина“.

---

# ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИНТЕРНАЦИОНАЛАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПОСЕТА НА СОНК

## ПОСЕТА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОНК

Фред Ван Ливен, Генерален секретар на Интернационалата за образование (EI) на 1 и 2-ри јуни оваа година, во придружба на Претседателот на Холандскиот синдикат за образование (AOB), Волтер Дрешер, ќе престојува во четврта посета на СОНК во последните 10 години.

Интернационалата за образование (EI) е светска организација на синдикатите за образование во која членуваат 401 синдикати за образование од 172 земји, кои обединуваат над 30 милиони просветни работници. Нашиот синдикат беше примен за редовна членка на EI во 1998 година и тоа под уставното име на државата.

Со посебно задоволство СОНК памети и го истакнува големиот придонес што Интернационалата го има направено во поддршката на СОНК во изградба на современ, реформиран и вистинка

организација на своето членство и посебна благодарност на сите членови кон Фред Ван Ливен, кој толку искрено и енергично е секогаш со нашиот Синдикат.

Генералниот секретар, Фред Ван Ливен претходната посета ја имаше на V-от Конгрес на СОНК во октомври 2010 година, на кој се обрати пред делегатите на Конгресот и не ги криеше своите искрени признанија кон СОНК, како и јасно искажаната поддршка на нашиот Синдикат во натамошните негови активности.

Четвртата негова посета, која ќе се оствари за 10-тина дена е нов израз на генералниот секретар на поддршката и признавање на активностите на СОНК, што сите нас од СОНК треба и секако многу ни значи, бидејќи сигурно дека сме еден од ретките синдикати од Интернационалата кои го имале тоа задоволство Генералниот секретар да биде нивни гостин, а во нашиот случај дури и по 4-ти пат за 10 години.

Големо значење има и доаѓањето од страна на Претседателот на АОВ, нашиот докажан пријател Волтер Дрешер, кој по втор пат доаѓа во посета на СОНК и кој е најзаслужен за огромната подршка што СОНК ја имаше од АОВ, особено во првите години на реформирање на СОНК од III-от Конгрес, одржан на самиот крај на 2001 година, кога финансиска подршка беа организирани стотици семинари за раководствата на СОНК од претседатели на синдикални организации до највисокото раководство, како и едукација на 20-тина членови на СОНК, кои потоа одржуваа едукативни семинари со најголемиот број на членови на нашиот Синдикат.

СОНК знае да го цени, почитува и памети вистинското пријателство и ова без дилеми посебно се однесува токму на Генералниот секретар Фред Ван Ливен, на холандскиот синдикат АОВ и секако со исто значење и Американската федерација на учители (AFT). Сите тие неизбришливо се вградени во најголемиот гранскi синдикат во Република Македонија, сигурно и еден од најголемите грански синдикати во целиот Регион, а тоа е токму нашиот СОНК.

# ОДРЖАН ЈАВНИОТ ПРОТЕСТ НА СОНК ПРЕД ВЛАДАТА

### ОДРЖАН ЈАВНИОТ ПРОТЕСТ НА СОНК ПРЕД ВЛАДАТА

## СОНК НЕ ОТСТАПУВА ОД БАРАЊАТА НА ЧЛЕНСТВОТО

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, како најброен гранскi синдикат, учествуваше на најавениот Јавен протест, организиран од страна на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС, како репрезентативен синдикат во јавниот сектор, кој што се одржа на 8-ми јуни оваа година.




КСС, секако и СОНК, во изминатиов период одржаа неколку регионални протести, во повеќе градови низ нашата држава, но истите останаа без резултати, односно Владата немаше слух за

легитимните барања на вработените од јавниот сектор и ниту еднаш не изрази спремност да разговара со синдикатот. Од тие причини се донесе одлука за организирање на овој масовен протест. И во оваа прилика, да се потсетиме на Барањата, упатени до сите релевантни фактори во нашата држава, кои се :

- подигнување на степенот на социјалниот дијалог и партнерство со репрезентативните синдикати;
- безусловно почитување на законите и колективните договори;
- зголемување на платите во сите дејности, согласно зголемување на минималната плата на национално ниво, односно зголемување за 25%;
- учество на репрезентативните синдикати во планираните реформи во јавниот сектор, особено во образованието;
- во дејности каде што нема, склучување на колективни договори.

И покрај огромните индивидуални и генерални притисоци : на уредно поканетите медиуми за одржување на прес конференција на КСС и на СОНК, беа опструирани и немаше присутен ниту еден новинар. Со ваквата постапка цениме дека имаше обид за спречување на слободата на говорот и известување на јавноста и нашите членови за протестот. Исто така, денот на одржувањето на протестот- сабота, Владата го прогласи за работен ден за сите вработени во јавниот сектор од Скопје, со што уште еднаш се направи обид за опструкција, обид за да се спречат многу наши членови да излезат и јавно да го искажат своето незадоволство, пред се од социјалниот статус.
Протестот се одржа во Скопје пред Владата, на кој зедоа учество околу 6.000 членови на гранските синдикати при КСС, секако со најголем број на членови од СОНК.

Доколку во краток временски период нема резултати, по однос на барањата од страна на нашиот синдикат, Советот на СОНК ќе одржи седница, на која ќе бидат разгледани сите можни идни чекори и активности, кои СОНК ќе ги преземе за остварување на зацртаните барања, не исклучувајќи ја можноста и за носење

Одлука за организирање и одржување на генерален штрајк во сите дејности што ги застапува нашиот синдикат.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК ГИ УТВРДИ КОНГРЕСНИТЕ ДОКУМЕНТИ

Највисокиот орган на одлучување помеѓу два Конгреса, Советот на СОНК, на својата 28 – ма редовна седница утврди повеќе документи кои се од стратешко значење за претстојниот VII Конгрес на СОНК. Имено, по скоро еден месец јавна расправа во близу 600 синдикални организации на СОНК во целата држава, со можност за разгледување и давање на соодветни конструктивни забелешки и изјаснување по одредени прашања, Советот на СОНК го утврди конечниот текст на документите кои ќе бидат пред делегатите на Конгресот. На седницата беше утврден текстот на следниве документи: Извештај за работа на СОНК во овој мандатен период, Програма за работа во новиот мандатен период, статутарни измени, утврдување на кандидат (и) за претседател на СОНК, деловник за работа на Конгресот, членови на надзорен одбор на СОНК, избор на работни тела на Конгресот итн.

Советот на СОНК, по добиените записници од 20 Регионални одбори, а врз основа на изјаснувањето на синдикалните организации на СОНК, како единствен кандидат за претседател на СОНК на претстојниот Конгрес го утврди досегашниот претседател Јаким Неделков, кој доби поддршка од 17 Регионални одбори.

VII Конгрес на СОНК ќе се одржи на 13 октомври 2021 година во Скопје, на големата сцена во Македонскиот народен театар, со почитување на пропишаните протоколи за работа и заштита за време на пандемија.

---

# ЈАВЕН ПОВИК за ангажирање на експерт за изработка на научна студија за состојбите со безбедност и здравје при работа во дејностите на образование, наука и култура, познавање на стандардите за БЗР и нивна примена во институциите од споменатите дејности во Република Северна Македонија

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија за потребите на проектот ,,Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука" објавува  Јавен повик за ангажирање на експерт за изработка на научна студија за состојбите со безбедност и здравје при работа во дејностите на образование, наука и култура, познавање на стандардите за БЗР и нивна примена во

институциите од споменатите дејности во Република Северна Македонија.

Барањето за доставување на понуди може да се погледне на следниот линк:

- Барање за доставување на понуди за изработка на научна студија за
потребите на проектот ,,Безбедност и здравје при работа во дејностите на
образование и наука”, референтен број на проектот (0302-15/19)

---

# ОДРЖАНА ТРЕТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОДРЖАНИТЕ СЕМИНАРИ СО ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК

Советот на СОНК на третата редовна седница, одржана на 25-ти и 26-ти јуни, 2016 година, како главна точка на дневен ред, расправаше по Извештајот за одржаните семинари со членовите на регионалните одбори на СОНК.

Во обемната расправа, во која учествуваа најголемиот дел од членовите на Советотна СОНК  (кој брои вкупно 43 членови), се направи опстојна анализа на резултатите од одржаните едукативни семинари во сите регионални одбори на СОНК. Заедничка оценка од дискусиите беше,  дека семинарите биле добро организирани и од страна на учесниците на истите оценети се како многу потребни и корисни.

Посебно за одбележување е заедничката оценка на членовите на Советот, дека преку одржаните семинари, на кои учествувале 451 претседатели на синдикални организации, дека се детектирани и неколку по изразени слабости во дел од синдикалните организации, како и во одредени регионални одбори. Тоа не е состојба која треба да се смета дека е со некои сериозни размери и е вообичаена, особено во организации со огромен број на членство, како што е нашиот Синдикат. Но, за пофалба е подготвеноста на раководството, отворено да се разговара за таквите проблеми и навреме да се превземат активности, согласно Статутот на СОНК, за нивно што побрзо надминување. Радува фактот што сите членови на Советот, покажаа целосна подготвеност за надминување на ваквите состојби.

Издвоени се неколку детектирани слабости во организацијата. Една од нив е постоењето на значаен број на претседатели на синдикални организации ( вкупно 573 на ниво на држава) и тоа во сите дејности, како и во сите регионални одбори, кои недоволно ги проучиле Статутот и Програмата на СОНК, без кои е невозможно да бидат на висината на одговорноста што ја презеле како претседатели на синдикални организации. Исто така, евидентирано е дека значаен број на претседатели на синдикални организации, многу малку или без малку целосно, не ги познаваат колективните договори по дејности што ги има потпишано нашиот Синдикат со ресорните министерства, законите на дејностите, како и одредбите од ЗРО, барем во делот на синдикатите и колективните договори.



Има еден помал број на синдикални организации во кои е констатирано дека, многу ретко се одржуваат состаноци со членовите на тие организации, а претседателите на истите, на состаноци на регионалните одбори, настапуваат со изјави дека тоа се ставови, мислења, предлози, барања на членовите од конкретната организација! Таквите состојби се целосно неприфатливи и во наредниот период, регионалните одбори мора да посветат многу повеќе внимание на истите, а нивното надминување да биде согласно Статутот на СОНК.

Во однос на регионалните одбори, Советот констатира дека, генерално истите добро ги завршија истите за организирање и реализирање на едукативните семинари и во основа солидно ги извршуваат обврските согласно Статутот на СОНК и документите што ги усвојува Советот на СОНК. Меѓутоа, беше констатирано дека неколку регионални одбори не ја остваруваат потребната комуникација и размена на информации со централното раководство на Синдикатот, во некои случаи и во подолг временски период. Има неколку примери на регионални одбори, кои со одредени свои активност излегуваат од надлежностите што ги имаат со Статутот на СОНК. За надминување на ваквите состојби, беше договорено во наредниот период задолжително да се почитуваат правата и обврските од Статутот на нашиот

Синдикат.

По обемната и плодна дискусија, Советот усвои заклучок да се изготви Програма за синдикална едукација на сите нивоа и на првата наредна седница на Советот на СОНК да се усвои истата и да продолжат активностите за организација на семинари за едукација членовите  на нашиот Синдикат.

Ќе го одбележиме и Заклучокот, што едногласно го усвои Советот на СОНК за покренување на званично барање пред надлежните институции и органи во државата, за правична и правна поделба на т.н. синдикален имот, стекнат во поранешниот општествен систем.